АД за осигурување ВИНЕР-
Виена Иншуренс Груп
Бр. 9662/0701/1 ug
03.08 2018 год.
СКОПЈЕ

Јавна Здравствена установа
УНИВЕРЗИТЕТСКА КЛИНИКА
ЗА НЕВРОЛОГИЈА
Бр. 0307-1699
03.08 2018 год.
СКОПЈЕ

ОСИГУРУВАЧ:Акционерско друштво за осигурување ВИНЕР –
Виена Иншуренс Груп Скопје- Адреса: ул. Борис Трајковски бр. 62, 1000 Скопје
Директор: Д-р. Зоран Нарашанов

**ЈЗУ Универзитетска Клиника за неврологија Скопје,** претставувано од ВД.Директор _Д-р.Иван Барбов ( во понатамошниот текст договорувач на осигурување) од друга страна

На ден ____________2018 година склучија:

**ДОГОВОР**
**за јавна набавка на услуги – Осигурување на имот**
**Оглас 10/2018**

## II ДЕФИНИЦИИ

Член 1

Одделни поими и изрази употребени со овој договор имаат значење согласно Законот за јавни набавки и неговите измени и дополнување (Сл.весник на РМ број 139/2007, 130/08, 97/10, 53/11 и 185/11).

## III ПРЕДМЕТ НА ДОГОВОРОТ

Член 2

Предмет на договорот е јавна набавка за осигурување на имот на ЈЗУУ Клиника за Неврологија Скопје за период од 1(една) година.

Јавната набавка за осигурувањето е неделива и опфаќа:
-Осигурување на градежни објекти, вкупна опрема и залихи( ,,на прв ризик,, на 20% од сума на осигурување-книговодствена вредност) од ризик пожар и други опасности со дополнителен ризик поплава,порој и високи води и дополнителен ризик земјотрес
-Осигурување на медицинска опрема и останата опрема од машини од кршење и расипување( со откуп на амортизација без исклучок и без франшиза)
-Осигурување на вкупната опрема и залиха(,,на прв ризик,, на 20% од сума на осигурување-книговодствена вредност) од ризик провална кражба и разбојништво.
-Комбинирано осигурување на компјутерска опрема

Член 3

Договорувачот на осигурувањето осигурува кај Осигурувачот имот наведени во Тендерската документација согласно долунаведените Општи и Посебни (Дополнителни) услови за осигурување и меродавните премиски стапки на осигурување кај осигурувачот.

## IV ЈАЗИК НА ДОГОВОРОТ

Член 4

Јазик на Договорот и на другата документација кои претставуваат составен дел на договорот е македонски јазик.